Предлог

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 16-та седница одржана на ден __.10.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување и дополнување на Одлуката
за востановување награда за животно дело
„Гемиџии“

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за востановување **награда за животно дело „Гемиџии“** („Службен гласник на Општина Велес“ бр.4/03).

Член 2

Член 2 се менува и гласи:

„Наградата за животно дело „Гемиџии“ се доделува на физичко лице кое со своето долгогодишно професионално, научно, културно, уметничко, образовно, спортско, општествено, стопанско, хуманитарно или друго јавно дејствување оставило траен белег и особен придонес за Општина Велес, нејзината афирмација и развој. Наградата е во висина на две последни објавени просечни месечни нето плати во Република Северна Македонија„.

Член 3

Член 3, се менува и гласи:

„Јавен повик за доделување на наградата за животно дело „Гемиџии“ распишува Комисијата за јавни дејности најдоцна до 5 октомври освен ако со јавниот повик не е утврден друг рок.

Предлог за доделување на наградата можат да поднесат Градоначалникот, член на Советот на Општина Велес, физички и правни лица, установи, здруженија, организации и други субјекти. Предлогот мора да биде образложен и да содржи податоци и докази за исполнување на критериумите од оваа Одлука.

Кандидатот за наградата треба да ги исполнува следните критериуми:

- да има остварено особени и трајни резултати од значење за Општина Велес;
- придонесот да има јасно препознатлива вредност за локалната заедница или за афирмацијата на Општина Велес во земјата и/или странство;
- резултатите да се потврдат со релевантна документација, признанија, публикации, проекти, резултати или други докази;
- да има долгогодишно дејствување и континуитет во областа во која е постигнат придонесот;
- со своето дејствување да придонесува кон почитување на јавниот интерес, угледот и вредностите на Општина Велес.

Член 4

Член 4 се менува и гласи

Предлозите од член 3 од оваа одлука се поднесуваат до Комисијата за јавни дејности на Советот на Општина Велес до рокот определен во јавниот повик.

Во исклучителни случаи и после рокот од претходниот став на овој член, предлози за признанија може да даде Комисијата за јавни дејности, член на Советот и Градоначалникот.

Член 5

Член 5 се менува и гласи

Комисијата за јавни дејности ги разгледува предлозите согласно критериумите од оваа Одлука и подготвува образложен предлог за исполнетоста на критериумите и податоци за предложениот кандидат до Советот на Општина Велес.

Советот по предлог на Комисијата, донесува Одлука за доделување на наградата.

Член 6

Во Член 7 се додава нов став 2 кој гласи:

„Наградата се доделува на свеченост по повод 9 Ноември – Денот на Општина Велес“.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Од страна на Советот на Општина Велес донесена е одлука за востановување награда за животно дело „Гемиџии“, објавена во „Службен гласник на Општина Велес“ бр.4/03.

Од причина што одлуката е донесена во 2003 година и поминат е долг период од нејзиното донесување, се јави потреба за изменување на истата.

Земајќи предвид дека наградата „Гемиџии“ е една од најзначајните признанија што ги доделува Општина Велес, потребно е да се допрецизираат критериумите врз основа на кои ќе се оценува придонесот, достигнувањата и заслугите на предложениет кандидати.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот.

Врз основа на член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.04.2003 година, донесе

О Д Л У К А
за востановување награда за животно дело "Гемиции"

Член 1

Со оваа Одлука се востановува награда за животно дело - "Гемиции" за постигнати резултати во развојот и афирмација на Велес во државата и надвор од неа.

Член 2

Наградата за животно дело "Гемиции" се доделува на поединци и е во вредност до три просечни плати по работник, исплатена во стопанството на Република Македонија во претходните три месеци.

Член 3

Иницијатива за доделување на награда за животно дело "Гемиции" може да поднесат: Градоначалник, Одбор за општествени дејности и обележување на културно-историски настани, член на Советот на Општина Велес, органи и организации, политички партии и здруженија на граѓани.

Предлог-иницијативата мора да биде образложена.

Член 4

Иницијатива, од член 3 од оваа Одлука се поднесува до Одборот за општествени дејности и обележување на културно-историски настани на Советот на Општина Велес.

Член 5

Одборот за општествени дејности и обележување на културно-историски настани на Советот на Општина Велес врз основа на Иницијативата, утврдува и поднесува предлог до Советот на Општина Велес.

Член 6

Средствата потребни за оваа награда се обезбедуваат од Буџетот на Општина Велес.

Член 7

Името на лицето што ќе добие награда за животно дело "Гемиции" ќе биде објавено во средствата за јавно информирање и во "Службен гласник на Општина Велес".

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

43.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на установата Интернационален фолклорен фестивал "Велес" за 2002 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Установата Интернационален фолклорен фестивал "Велес" за 2002 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15 април 2003 година.

Број 0701-696/15
15 април 2003 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 15.04.2003 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за работа на Установата Интернационален фолклорен фестивал "Велес" за 2002 година

1. Се усвојува Извештајот за работа на Установата Интернационален фолклорен фестивал "Велес" за 2002 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

44.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува